РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-2525/2
10-09-2021

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од познат подносител, продолжението на 51-вата седница одржана на ден 01.09.2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-2525/1 од 21.07.2021 година од страна на познат подносител- ------------, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи на надлежно постапување односно друг орган веќе постапил по наводите во предметот со број 12-2525/1 од 2021 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 2525/1 од 21.07.2021 година.

Предметот со број 12-2525 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

Образложение

Предметот со број 12-2525 од 2021 година е оформен врз основа на пријава со бр. 12-2525/1 од 21.07.2021 година, од познат подносител - ---------------------------.

Во пријавата е наведено дека пријавителот во настан кој се случил во 2017 година во близина на жичарата на Средно Водно, за кој како што се вели во пријавата настанало „кривично дело", се стекнал со тешка телесна повреда.

Пријавителот се обратил до Министерството за внатрешни работи, а потоа и со соодветни поднесоци и до Основното јавно обвинителство и Вишото јавно обвинителство, а целокупната документација ја доставил во прилог кон пријавата.

Од прилозите доставени кон пријавата се утврдува дека наведените органи веќе постапиле по предметниот настан.

Врз основа на сите околности и на податоците кои се содржани во предметната пријава Државната комисија за спречување на корупцијата, од аспект на надлежностите на Државната

комисија за спречување на корупцијата во предметната пријава утврди дека нема надлежност во постапувањето, односно друг орган веќе постапил по истите наводи.

Од причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека пријавата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до
-Архива
- подносителот

Изработил: м-р К.З., Советник
Одобрил: м-р Ш.С., Член на ДКСК